Република Македонија
**Министерство за образование и наука**

**Министерство за
образование и наука**

Бр. 21-9793/2
18-06-2014 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**До:**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул. „Македонија„ бр.12/3**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Известување**
**ВРСКА: Ваш бр. 30-296/5 од 29.05.2014 година**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 23.06.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 30 | 296/6 | | |

Почитувани,

Од ваша страна на 03.06.2014 година беше доставен Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Министерството за образование и наука заведен под бр.07-9900/1.

Министерството за образование и наука со внимание го разгледа Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност на тема „Ефективност и ефикасност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија" и во целост ги прифаќа дадените забелешки и препораки.

Во прилог на наведените цели на ревизијата, Министерството за образование и наука, ве известува дека како во текот на

вршење на ревизијата така и после завршување на истата презема активности за спроведување на дадените препораки :

- Во однос на препораката бр.2 ве известуваме дека со решение бр.07-7707/1 од 22.04.2014 година формиран е Тим за управување со ризик во МОН со претставници од сите сектори и органи во состав на министерството. Тимот на 15.05.2014 година го одржа првиот состанок на кој се дадени насоки за нивното работење и договорени се понатамошни активности. (прилог бр.1)

- Во однос на препораката бр.5 ве известуваме дека по донесување на решение за формирање на комисии за вршење на пописот, изготвено е Упатсво за подготвка и извршување на вонреден попис со состојба на ден 15.09.2014 година заведено под бр. 17-9145/1 од 20.05.2014 година и истото е доставено до сите членови на пописната комисија (прилог 2).

На 28.05.2014 година се одржа обука на членовите на комисиите за начинот на вршење на пописот на која присуствуваа сите членови на пописните комисии (прилог бр.3).

На 29.05.2014 година се одржа работен состанок на Централната пописна комисија и председателите на Комисијата за попис на материјални и нематеријални средства, Комисијата за попис на паричните средства и Комисијата за попис на побарувања и обврски со цел утврдување на планот за работа и рокови за

извршување на обврските за спроведување на вонредниот попис во МОН. (Прилог 4).

Министерството за образование и наука смета дека наведените суштински забелешки ќе придонесат за подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот на внатрешните конторли во МОН затоа и се залага за спроведување на препораките дадени во извештајот.

Со почит,

**Министер,**
**Спиро Ристовски**

Изготвил: Незаат Рамадани

Прилог:
Прилог 1: Записник од одржаниот состанок на Тимот за управување со ризик во Министерството за образование и наука со арх.бр. 10-10210/1 од 10.06.2014 год.
Прилог 2: Упатство за подготовка и извршување на вонредниот попис со состојба на ден 15.09.2014 година со арх.бр. 17-9145/1 од 20.05.2014 година
Листа на лицата до кои е доставено Упатство за подготовка и извршување на вонредниот попис со состојба на ден 15.09.2014 година со арх.бр. 17-9145/1 од 20.05.2014 година со потпис за прием
Прилог 3: Список за присуство на обуката на членовите на комисиите за начинот на вршење на пописот
Прилог 4: Копие од записникот од работниот состанок одржан на 29.05.2014 година на кој е утврден Планот за работа и рокови за извршување на обврските за спроведување на вонредниот попис во МОН